ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11-5831/16
Датум: 25.07.2025 година
Скопје

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по јавен оглас за вработување на административен службеник**

1.За извршител за работното место – УПР0101Г01000 – Самостоен референт, работно место: Архитектонски техничар, во Одделение за архитектонско планирање и проектирање, во Сектор за урбанизам се избира кандидатот **Валентина Ивановска,** со идентификациски код 3В0В2СС.
2.Именуваниот од точка 1 на оваа Одлука ќе биде вработен на работното место по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување и распоредување.
3.Оваа Одлука се доставува до избраниот кандидат и се објавува на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

**О б р а з л о ж е н и е**

По барање на Општина Карпош, на ден 06.06.2025 година Агенцијата за администрација објави Јавен оглас број 440/2025 на својата интернет страница како и во дневните весници “Слободен печат”, “Вечер” и “Коха” за вработување на административен службеник на работно место - УПР0101Г01000 - Самостоен референт, работно место: Архитектонски техничар, во Одделение за архитектонско планирање и проектирање, во Сектор за урбанизам.

Со Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас бр.10-1300/3 од 23.06.2025 година, од страна на Агенцијата за администрација формирана е Комисија која ја спроведе постапката за селекција за вработување на административен службеник по јавниот оглас.

Комисијата за селекција на ден 01.07.2025 година во 13:00 часот, во просториите на Агенцијата за администрација спроведе административна селекција при што утврди дека на огласот се пријавиле 3 кандидати, од кои 1 уреден кандидат и 2 неуредни кандидати. Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас на ден 21.07.2025 година, во 09:00 часот спроведе

ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055 -902
www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk

испит за административен службеник, а на ден 24.07.2025 година во 09:20 часот спроведе постапка за проверка на веродостојност на докази и интервју. Интервјуто за административен службеник се одржа со 1 уреден кандидат согласно Записник бр.10-1300/7 од 24.07.2025 година.

Согласно добиените бодови од административна селекција, испитот за административен службеник и интервјуто, Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и достави Предлог за вработување на кандидати со најголем број освоени бодови за работното место број 1 по Јавен оглас број 440/2025, заведени под бр.10-1300/8 од 24.07.2025 година.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на Одлуката на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Изработил:Н.Таневски
Проверил:

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Стевчо Јакимовски**

**Доставено до:**
- Именуваната,
- Агенцијата за администрација,
- Одделението за човечки ресурси и
- Архивата.